**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 17.09.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4465 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 2 до 11 септември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 17 септември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

Член 75 став 1 од Изборниот законик

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Во десетте дена за мониторинг, во централните изданија на вестите во продукција на ТВ Сонце емитувани од 18 часот, беа евидентирани 1 час 25 минути и 2 секунди новинарски прилози селектирани за анализа, така што не беше достигнат релевантниот методолошки примерок од минимум 2 часа дневно-информативна програма за извлекување оценки за начинот на известување.

***Посебни информативни емисии***

*Други информативни програми*

Во анализираниот период се регистрирани две изданија на емисијата „Гласот на народот“ и едно на емисијата „Врел Костен“.

На преодот меѓу 2 и 3 и на 5 септември 2016 година, се емитувани две репризни изданија на емисијата „Гласот на народот“ во која се реализирани интервјуа со поранешниот амбасадор, Ристо Никовски и преку скајп врска со Јово Бурнек (веб администратор). Тема се изборите во Република Македонија и во САД.

На 5 септември 2016 година, премиерно во „Гласот на народот“, е емитувана дебата на тема: „Четврт век независност, одбележување“. Дебатираа: Ѓорѓи Наумов-првиот министер за правда во Владата на Република Македонија, професорите Михајло Уновски, Јанко Бачев и Осман Кадриу, и Тодор Петров-претседател на Светскиот македонски конгрес и пратеник во првиот парламентарен состав. Дебатата е репризирана пет пати во текот на неделата (на 6, 7, 8, меѓу 9 и 10 и на 11 септември 2016 година).

Премиерно на 2 септември и репризно на 3, 6, 7 и 9 септември 2016 година, е емитувана контактно-информативната емисија „Врел Костен“. Темата е инспирирана од општествено-политичките случувања и е насловена „граѓаните бараат слобода, не политика“. Емисијата е реализирана во соработка со невладината организација Цивил (емитувани се снимки од каравaнот на USAID и ЦИВИЛ под името "Караван на слободата" и снимки на ТВ Сонце од поплавените подрачја со изјави на граѓани). Во емисијата се емитувани повеќе изјави од музичари, граѓански активисти, уметници и др. Меѓу другите се појавуваат и аналитичарот Сашо Ордановски, пратеничката на СДСМ Лидија Димовска, професорката Мирјана Најчевска и новинарката Хазизе Јонузи.

***Сектор за програмски работи***